**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**IV ГОДИНА**

***ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА***

***Техничар за фармерско ӣроизводсѿво***

**Скопје, 2008 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: техничар за фармерско производство

1.2.2. Струка: земјоделско - ветеринарна

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Четврта

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 5 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 165 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***практична настава*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да одгледува поледелски култури;
- да произведува расад за градинарски култури на постојано место;
- да одгледува и негува цвеќе за продажба;
- да одгледува, негува и применува заштита на лозови и овошни култури;
- да одгледува, храни, молзе и негува домашни животни;
- да производство здрава храна од органско земјоделско производство;
- да одредува цена на чинење на земјоделски производи;
- да развива правилни работни навики и работна дисциплина;
- да развива менаџерски вештини за замјоделско производство;
- да изградува правилен однос кон предметите и средствата за работа;
- да применува средства за заштита.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За полесно совладување на содржините, односно вршење на практичните задачи од предметот ***практична настава*** потребно е учениците да имаат одредени предзнаења од претходно изучуваните предмети: основи на земјоделие и ветеринарство, хигиена со здравствено воспитание од I година; анатомија на домашните животни, агрохемија и педологија од II година; земјоделска техника од II и III година и поледелско производство, лозаро-овоштарско производство, градинарско производство, сточарското производство и практична настава од III година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ПОЛЕДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО** | **30** | ***Ученикот:***<br>- да определува земјоделска површина (да користи шаблони и пантлики);<br>- да подготвува терен за одгледување на поледелски култури;<br>- да избира семенски материјал за сеидба на поледелски култури;<br>- да организира сеидба на поледелски култури;<br>- да применува агротехнички мерки при одгледување на поледелски култури;<br>- да врши заштита на поледелските култури;<br>- да организира наводнување на поледелските култури;<br>- да прибира, транспортира и чува | - Организирање на мерење на земјоделски површини;<br>- организирање теренска работа за избор на место за одгледување на поледелски култури;<br>- организирање вежби за испитување на квалитет на семенски материјал;<br>- демонстрирање на најважните работни операции за одгледување на поледелски култури: сеидба, окопување, проредување, заштита, наводнување и прибирање;<br>- организирање работа со земјоделски машини за поледелско производство; | - Поледелско производство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | поледелски култури;<br>- да подготвува семенски материјал;<br>- да одгледува поледелски култури на опитни парцели;<br>- да поставува опитно поле по различни методи;<br>- да произведува поледелски култури со органски методи;<br>- да подготвува фуражни култури за исхрана на домашните животни;<br>- да ги развива менаџерските способности за продажба на поледелските култури;<br>- да ракува со машини за поледелско производство;<br>- да користи заштитни средства при работа;<br>- да ги одржува машините за поледелско производство. | - одредување теми за проектна работа;<br>- поставување на опитно поле и опитни парцели;<br>- организирање работа во објекти за складирање и чување на поледелски култури;<br>- организирање на органско производство на поледелски култури;<br>- организирање посета на трговски друштва што вршат промет со поледелски култури;<br>- мотивирање на учениците за самостојно извршување на работните задачи и да се оценуваат нивните постигања. | |
| **2. ГРАДИНАРСКО ПРОИЗВОДСТВО** | **30** | - Да определува земјоделска површина за градинарско производство;<br>- да избира терен за одгледување на градинарски култури;<br>- да избира семенски материјал за производство на расад; | - Мерење на земјоделски површини;<br>- организирање теренска работа за избор на место за подигање на топли леи и за одгледување на култури; | - Градинарско производство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да подига топли леи и да произведува расад во нив;<br>- да расадува расад на постојано место;<br>- да врши заштита на расад и на култури  на постојано место;<br>- да организира наводнување на градинарските  култури;<br>- да произвидува градинарски култури со органски методи;<br>- да прибира, транспортира и чува градинарски култури;<br>- да користи заштитни средства за работа;<br>- да развива менаџерски вештини за продажба на градинарски култури. | - организирање вежби за испитување на квалитет на семенски материјал;<br>- демонстрирање на најважните работни операции за производство на расад и одгледување на градинарски култури;<br>- организирање на органско производство на градинарски култури;<br>- одредување теми за проектна работа;<br>- организирање работа во објекти за складирање и чување на градинарски култури. | |
| **3. ЦВЕЌАРСКО ПРОИЗВОДСТВО** | **25** | - Да избира терен за одгледување на цвеќиња;<br>- да размножува цвеќиња на генеративен и вегетативен начин;<br>- да врши нега и заштита на цвеќињата;<br>- да прибира и аранжира цвеќиња за продажба;<br>- да развива естетски вредности; | - Организирање теренска работа за избор на место за одгледување на цвеќиња;<br>- демонстрирање на најважните работни операции за производство на цвеќиња;<br>- одредување теми за | - Градинарско производство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да развива менаџерските способности за продажба на цвеќиња. | проектна работа;<br>- организирање работа во цвеќарница и продажба на цвеќиња. | |
| **4. ЛОЗАРО-ОВОШТАРСКО ПРОИЗВОДСТВО** | **25** | - Да определува земјоделска површина (да користи шаблони и пантлики);<br>- да подготвува терен за одгледување на лозаро-овоштарски култури;<br>- да избира посадочен материјал за подигање на овошни и лозови насади;<br>- да крои лозја и овошки;<br>- да калеми лозја и овошки;<br>- да врши нега и заштита на лозови и овошни култури;<br>- да наводнува лозови и овошни насади;<br>- да одгледува лозови и овошни насади со органски методи;<br>- да прибира, транспортира и чува лозови и овошни култури;<br>- да ракува со машини за лозаро-овоштарско производство;<br>- да произведува вино и вински | - Организирање теренска работа за избор на место за одгледување на лозаро-овоштарски култури;<br>- демонстрирање на најважните работни операции за одгледување на лозаро-овоштарски култури;<br>- организирање работа со земјоделски машини за лозаро-овоштарско производство;<br>- одредување теми за проектна работа;<br>- демонстрирање на кроење и калемење на лозје и овошки;<br>- организирање на органско производство на лозови и овошни култури;<br>- организирање работа во винарска визба; | - Лозаро-овоштарско производство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | дестилати;<br>- да учествува во преработка на овошје во полупроизводи и готови производи;<br>- да ги развие менаџерските способности за продажба на грозје и овошни плодови. | - организирање посета на трговски друштва што вршат промет со грозје, преработки од грозје, овошни плодови и преработки од овошните плодови. | |
| **5. СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО** | **55** | - Да одржува амбиентални услови во шталите;<br>- да изведува поважни зоотехнички мерки при одгледување на домашните животни;<br>- да го оценува квалитетот на храната;<br>- да ги храни домашните животни;<br>- да води матично сточно книговодство;<br>- да избира животни за размножување;<br>- да го одредува времето за парење;<br>- да ги молзе млечните животни;<br>- да ја одржува хигиената на машините за молзење;<br>- да ја контролира здравствената состојба на животните;<br>- да произвидува сточарски | - Организирање работа на учениците во сточарски објекти;<br>- демонстрирање на најважните работни операции за одгледување на домашните животни;<br>- демонстрирање правилна исхрана на домашните животни;<br>- одредување теми за проектна работа;<br>- демонстрирање на молзење на животните;<br>- организирање вежби за подготовка на храна пред хранење на животните;<br>- организирање на органско сточарско производство;<br>- организирање работа во | - Сточарско производство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | производи со органски методи;<br>- да врши природно и вештачко роење на пчелите;<br>- да развива менаџерски способности за продажба на сточарски производи. | пчеларник и демонстрирање на поважните операции при одгледување на пчелите;<br>- организирање посета на трговски друштва што вршат промет со сточарски производи. | |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

Според зацртаните цели на задолжителната програма по ***практична настава*** ќе се применуваат: дискусија, демонстрација, објаснување, инструирање, набљудување, работа во групи, работа во парови, индивидуална работа, истражување и самооценување.

Активности на ученикот: вежба предвидени работни операции, открива односи и законитости, анализира, дискутира и презентира, истражува, критички размислува и одлучува, забележува, поставува прашања, доведува во врска (создава врска), пишува, анализира, диференцира, детерминира, покажува, применува, коментира и притоа тимски соработува со групата, сам се оценува и сл.

Активностите на наставникот: планира, организира и реализира практична настава, објаснува, организира работа во групи, ги поттикнува учениците на конгнитивно, психомоторно и афективно однесување, организира и реализира посета на: земјоделски стопанства, мини фарми, Факултетот за земјоделски науки и храна, земјоделски саеми, рибник, пчеларник, млекара, фабрика за сточна храна, силоси, оранжерии, винарска визба, фабрика за преработка на овошје и зеленчук, врши проверување и оценување на резултатите на учениците.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот ***практична настава*** треба да се реализира преку изведување на практични операции, вежби, практични задачи во училишни економии, реални училишни компании и работилници. Содржините од наставниот предмет практична настава опфаќаат области од поледелско, градинарско, цвеќарско, лозаро-овоштарско и сточарско производство.

Потребно е да се организира посета на земјоделски саеми, рибник, пчеларник, млекара, фабрика за сточна храна, силоси, оранжерии, винарска визба, фабрика за преработка на овошје и зеленчук.

Поради специфичноста на наставните содржини, наставата да се организира во блок часови или, пак, да се организира во зависност од условите во училиштето, како и временските услови. Карактерот на овој наставен предмет бара специфична организација на наставата, односно поделба на паралелката во две групи, што овозможува квалитетна настава и следење на процесот на работа. Редоследот на темите по подрачја може да се преструктуира во зависност од временските услови или условите во училиштето.

## 4.4. Наставни средства и помагала

Предметот ***практична настава*** има, пред сé, практично значење кое се остварува преку реализација на одделни вежби, демонстрации, практични операции и работни задачи. Затоа, при реализацијата на наставниот процес потребно е користење на разновидни наставни средства и помагала: слики, цртежи, машински елементи, земјоделски машини, трактор, макети, филмови, дијафилмови, телевизиски снимки, апарати, прибор, графоскоп, печатен материјал (учебници, прирачници, дневници, весници, странски списанија), како и разновиден материјал (педолошко-агрохемиски материјал, семенски материјал, хербариумски материјали, инсектариуми и сл.).

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците по предметот ***практична настава*** треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите учесници во воспитно-образовниот процес. Се остварува преку најразновидни форми и постапки: усни проверки, проверки и оценување на практичните способности и стекнатите вештини на учениците при вршењето на вежбите и практичните задачи.

Во текот на учебната година учениците се оценуваат најмалку со по две оценки во секое полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по овој наставен предмет треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да го применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да стекнал соодветно стручно образование, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставната програма ***практична настава*** ја реализираат наставници со завршени студии по:

- ***земјоделство.***

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, согласно со Законот за средно образование.

### 6.3. Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат со наставата по овој предмет, потребно е наставата да се реализира во специјализирани кабинети, во училишни економии, реални училишни компании, училишни работилници, земјоделски стопанства, мини фарми, Факултетот за земјоделски науки и храна, земјоделски саеми, рибник, пчеларник, млекарница, фабрика за сточна храна, силоси, оранжерии, винарска визба, фабрика за преработка на овошје и зеленчук.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 7.1. Датум на изработка: март 2008 година

**Состав на работната група**

1. Бранко Алексовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Мирко Михајловски, професор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
3. Сашо Стефановски, наставник во ССОУ „Киро Бурназ" - Куманово
4. Драган Петрушевиќ, „Оранжерии" - Куманово

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2008 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***практична настава*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број ***11-4721/10*** од ***20.06. 2008*** година.